# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈУНИ 2025 г.





**Отстранети недостатоците на објектот „Детелинка“ – в. д. градоначалникот на Кочани Венко Крстевски бара согласности за новите вработувања**

Санирани се сите недостатоци на градбата и со потпис од официјалниот надзор, новиот објект „Детелинка“ од Детската градинка „Павлина Велјанова“ е подготвен да почне со работа.

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, со допис ја извести министерката Гордана Димитриеска Кочоска, од која бара средба на која ќе разговараат за добивањето согласности за вработувања во 2025 година во новоизградениот објект на детската градинка во кочанската населба Драчевик.

Во писменото барање за утврдување термин за работна средба Крстевски ја објаснува итноста за профункционирање на објектот „Детелинка“ и потребата за згрижување на 120 деца од Кочани, а со тоа и можноста нивните родители да бидат работно ангажирани.

Крстевски информира дека во буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади се планирани потребните средства за нови вработувања во новата градинка во Кочани, за што се чека на согласност и од Министерството за финансии.



**Чисто, безбедно и уредно – акција за расчистување на кругот на Општа болница – Кочани**

Во пресрет на 5 Јуни – Светскиот ден за заштита на животната средина, по иницијатива на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, се реализира акција за уредување на кругот на Општата болница со проширена дејност во Кочани.

| | |
|---|---|
|  | Акцијата ја спроведуваат екипи на Општина Кочани и КЈП „Водовод“, кои ја косат тревата, ги кастрат дрвјата, расчистуваат зашумени позиции и го собираат расфрланиот отпад.<br><br>– Целта е да му го вратиме на Кочани приматот „најчист град“ и да овозможиме граѓаните од микрорегионот што ги користат услугите на оваа јавна установа, да се чувствуваат пријатно и безбедно. Исто така упатувам апел до Владата да одговори на потребите на пациентите на Општа болница – Кочани, којашто е изградена пред 40 години од самопридонес на месното население – повика в. д. градоначалникот на Кочани.<br><br>Крстевски ги повика граѓаните да не ја загадуваат животната средина и самите да придонесат за чиста и уредна околина. |
| <br><br> | **Крпење ударни дупки и оштетени асфалтни површини во Кочани**<br><br>Деновиве градежна механизација работи на крпење на ударните дупки и на оштетените асфалтни површини на улиците во Кочани.<br><br>Избраниот изведувач „Стоименов“ изврши поправки на оштетениот асфалт на улицата „Бел камен“, а наредниов период ќе се работи на идентификувани локации низ општината.<br><br>Од Секторот за уредување на градежното земјиште информираат дека за тековната година за крпење ударни дупки и оштетени асфалтни површини се наменети 2.638.000 денари од Буџетот на Општина Кочани. |
|  | **„Ракотворница“ – работилница за оживување на вештината за ткаење на разбој**<br><br>Општина Кочани објави јавен повик за реализација на активноста „Ракотворница“, со која повикува работоспособни жителки на Кочани, да се пријават за стекнување вештина за ткаење на разбој.<br><br>Со повикот се опфатени и заинтересираните жени од Кочани коишто поседуваат вештини за ткаење, за пренесување на вештината на други лица, како и жители коишто поседуваат разбој, за изнајмување на направата за ткаење.<br><br>Во активноста што се планира да се одржи во текот на јуни |

| | |
|---|---|
| | во „Етнокуќата“ во Кочани, се вклучуваат и физички и правни лица од Кочани коишто можат да понудат отпад од текстил за потребите на активноста „Ракотворница“.<br><br>Целта на „Ракотворница“ е да се афирмираат стекнувањето вештина за ткаење и традиционалните направи за ракотворење, да се даде придонес во циркуларната економија, односно, во овој случај, текстилниот отпад да стане суровина за нови производи. Исто така целта е Општина Кочани да придонесе за економско јакнење на жените и да се креира поволен деловен амбиент за развој на женското претприемништво.<br><br>Повикот е објавен на веб-страницата на Општина Кочани, а рокот за пријавување на заинтересираните субјекти е до 10 јуни 2025 година, електронски, на адресата **opstina.kocani@gmail.com** или лично на Едношалтерската канцеларија, со пополнување пријава за учество. Изборот на учесниците ќе биде според принципот „прв пријавен – прв вклучен“.<br><br>Активноста е планирана со Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година. |
| <br> | **Општина Кочани започнува соработка со Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби – подружница Кочани**<br><br>Со цел да се овозможи поголема ефикасност во реализацијата на заедничките цели, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски потпиша меморандум за соработка со Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби – Скопје, подружница Кочани.<br><br>Активностите на Ресурсниот центар, на кои заедно со Општина Кочани ќе им биде даден акцент, се развивање на програма за социјални услуги во заедницата, што подразбира давање на помош и нега на лица кои по различни основи имаат намалени функционални и инструментални функции во нивното секојдневие. Услугата за помош и нега во домот ќе биде наменета за лица со намален функционален капацитет, како стари лица, лица кои не можат да се грижат самите за себе, лица со попреченост и др.<br><br>Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби е лиценциран давател на социјалната услуга помош и нега во домот и нуди можност за бесплатна обука на негуватели што ќе ја испорачуваат оваа услуга. |
| | **Поправен оштетениот асфалт во кругот на Општа болница – Кочани** |

<table>
<tr>
<td><br></td>
<td>Градежната оператива на изведувачот „Стоименов“ продолжува со крпење на ударните дупки и оштетените асфалтни површини во Кочани.<br><br>Денеска се работеше во кругот на Општа болница со проширена дејност – Кочани, каде што се поправени сите оштетувања на асфалтот.<br><br>Активноста доаѓа по завршеното уредување на зелените површини во дворот на болницата, реализирано по иницијатива на вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски, а со цел граѓаните од микрорегионот што ги користат услугите на оваа јавна установа, да имаат оптимални услови за движење и чувство на безбедност.<br><br>Крпењето на ударните дупки и оштетените асфалтни површини во кругот на Општа болница – Кочани е со средства од Буџетот на Општина Кочани.</td>
</tr>
<tr>
<td><br></td>
<td>„Пешачењето е здравје“ – по петти пат низ Осоговските Планини<br><br>Триесетина планинари, рекреативци и љубители на природата учествуваа на турата „Пешачењето е здравје“ што во организација на Општина Кочани и во соработка со Клубот за планинарски спортови „Осоговски орел“ се изведе низ падините на Осоговските Планини.<br><br>Учесниците поминаа кружна патека од 13 километри, од СРЦ „Бавчалук“, северзападно кон Црвена Нива, под селото Лешки до езерото Гратче и назад.<br><br>Водени од искусните членови на „Осоговски орел“, учесниците ја минаа патеката за пет часа, со попатни паузи.<br><br>Планинарската патека освен за планинарење и пешачење е погодна и за реализација на велосипедски тури и планинско трчање, па наскоро се планира да се користи за реализација на спортски настани. Од КПС „Осоговски орел“ најавуваат дека следниот период таа ќе биде соодветно маркирана.<br><br>Активноста „Пешачењето е здравје“ се реализира по петти пат, согласно Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2025 г. и има за цел да ја промовира физичката активност како фактор за добро здравје.</td>
</tr>
</table>



**„Амфенол“ и „Еко оил“ обезбедија донација за изградба на патот за поврзување на месноста Цацков Бунар со постоечкиот алтернативен пат Кочани – Ткрање**

Со договорот што неодамна го потпишаа Општина Кочани, „Амфенол технолоџи Македонија“ и „Еко оил“ се очекува наскоро да започне постапката за изградба на пат за поврзување на месноста Цацков Бунар со постоечкиот алтернативен пат Кочани – Тркање.

Со договорот за соработка, донација и кофинансирање на Општината, кој се однесува на подобрување на патната инфраструктура, компанијата „Амфенол технолоџи Македонија“ обезбедува донација за асфалтирање на патот за поврзување на месноста Цацков Бунар со постоечкиот алтернативен пат Кочани – Тркање. Компанијата „Еко оил“ ја донира изработката на проектната документација за патот, а Општина Кочани ќе учествува во експропријацијата, како и во пробивањето и тампонирањето на патот.

– Упатувам огромна благодарност до „Амфенол технолоџи Македонија“, компанија која уште еднаш ја потврди својата општествена одговорност со донација за асфалтирање на патот за поврзување на месноста Цацков Бунар со постоечкиот алтернативен пат Кочани – Тркање, со што драстично ќе се подобри патната инфраструктура, а со тоа и безбедноста во сообраќајот во Тркање и неговата околина. Исто така ѝ благодарам и на компанијата „Еко оил“, којашто со донацијата овозможува изработка на проектната документација. На овој начин покажуваме дека умееме брзо и ефикасно да одговориме на потребите на граѓаните и да ги подобриме условите за живот – истакна вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски.

Наскоро, пред Советот на Општина Кочани ќе се најде точка за пренамена на средства во Буџетот за целосна реконструкција и на улицата „Мите Стојчев“ во селото Тркање, со што во наредните месеци ќе биде решен децениски проблем за жителите од селото Тркање.



**Вонредната внатрешна ревизија на ОУ „Никола Карев“ – Кочани утврди несовесно работење и злоупотреби**

По барање на вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски, внатрешниот ревизор во Општина Кочани изврши вонредна ревизија на работењето на ОУ „Никола Карев“.

Вонредниот ревизорски извештај утврди низа

нерегуларности и злоупотреби. Во него стои дека директорот на училиштето свесно предизвикувал злоупотреба на критериумот за распределба на блок-дотациите и свесно создавал долгови, најчесто спрема КЈП „Водовод“.

„Доколку директорот правилно ги распределувал фиксните трошоци самото училиште ќе било со значително помали обврски спрема КЈП ’Водовод‘, навремено ќе биле сервисирани обврските и немало да дојде до блокада на сметката на училиштето што го загрозува нормалното функционирање. На сметка на овие трошоци директорот секоја година ја зголемува ставката договорни услуги и склучува договор на дело со повеќе физички лица, за кои требало да се спроведат јавни набавки“ – стои во ревизорскиот извештај.

Поради констатираното несовесно работење и блокирање на сметката на училиштето, Крстевски ќе побара од Училишниот одбор престанок на мандатот на директорот на ОУ „Никола Карев“, а ревизорскиот извештај ќе го испрати и до Министерството за образование и Државниот просветен инспекторат, а како информација ќе се најде и пред Советот на Општина Кочани.





**По повод Светскиот ден на крводарителството – Крстевски на средба со кочанските крводарители**

По повод 14 јуни, Светскиот ден на крводарителството, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски се сретна со кочанските крводарители.

Претставниците на Општинската организација на Црвен крст – Кочани информираа дека на годишно ниво собираат над 1000 крвни единици и реализираат до 22 крводарителски акции.

Годинава крводарителот Ацо Ангелов бележи 135 дарувања крв, Тиме Златков од Тркање – по стоти пат дарувал крв, а младата Сара Бочварева – веќе 11 пати.

– Вие сте слика на хуманоста и како општество мора да научиме да ги вреднуваме хуманите луѓе, посебно крводарителите бидејќи крвта не се произведува – истакна Крстевски, ветувајќи максимална поддршка од Општината и воведување општински мерки за поддршка на крводарителите.

Во рамки на промоција на крводарителството ОО на Црвен крст – Кочани работи со млади, организира крводарителски акции со средношколците, полицијата и за приватниот сектор.





**Превентивни активности за безбедност на децата во сообраќајот**

На крајот на учебната година, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во соработка со Општина Кочани и Одделението за внатрешни работи – Кочани организираше интерактивни работилници на тема – „Безбедност и правила за децата во сообраќајот“.

Со едукацијата беа опфатени учениците до петто одделение во ОУ „Малина Попиванова“ и ОУ „Св. Кирил и Методиј“ од Кочани, ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Оризари, ОУ „Климент Охридски“ – Облешево и ОУ „Синиша Стоилов“ од Зрновци.

Целта на работилниците беше низ теоретски и практичен дел со интерактивна презентација, на децата како најранлива група на учесници во сообраќајот да им се презентираат основните правила за безбедност во сообраќајот. Посебен акцент се стави на значењето на правилното преминување на улица на пешачки премин, потоа на правилата при користење на средства за движење (велосипед или тротинет), како и за улогата на сообраќаецот во регулирање на сообраќајот и значењето на сообраќајните знаци.

На импровизирана крстосница, беше демонстрирано како сообраќаец го регулира сообраќајот, при што учениците имаа можност да научат правилно да се движат на крстосница, почитувајќи ги дадените правила и знаци од страна на полицаецот. По завршување на интерактивната презентација, на учениците им се овозможи да бидат во улога на полицајци со симулација на регулирање на пешаци.





**Настанот „Пат на заздравување“ го означи почетокот на програмата за поддршка на настраданите во пожарот во Кочани со гостите од Шведска**

Со цел да споделува искуства, да придонесе за зајакнување на заедницата и да гради модели на отпорност, солидарност и психосоцијално заздравување по трагичниот настан во Кочани, седумчлена делегација од Гетеборг, Шведска од 16 до 18 јуни престојува во Кочани.

Почетокот на активностите беше официјализиран со настанот под наслов „Пат на заздравување“, на кој присуствуваше амбасадорката на Кралството Шведска во Република Северна Македонија, Ами Ларсон Цеин и претставници на „Europe House“, како иницијатори и поддржувачи на програмата, како и претставници на Центарот за психосоцијална и кризна акција „Малинска“ и „Сапорт“ – Кочани.



Во тимот од Гетеборг се преживеаните од пожарот во 1998 година во дискотека во Гетеборг – Нима Параш Лама и Розбех Асланијан и пожарникарите Пер-Андерс и Бенгт Холм, социјалните работнички Елеонор Артфорс и Хели Кунас, како и координаторот на Центарот за поддршка Ларс Лилед.

– Три месеци Кочани живее во длабока криза, емотивна, психичка, криза во управувањето со секојдневието. Процесот на закрепнување е подлабок и подолготраен отколку што можеме да си замислиме. Добро е што не сме осамени на тој пат, кој жителите на Гетеборг го поминале пред 27 години. Искуствата стекнати во тој процес очекуваме да ни помогнат – истакна в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски.

Амбасадорката на Шведска Ами Ларсон Џеин нагласи дека искуствата од ваквите трагедии се слични, иако се случувале во две различни држави – болката и последиците се исти.

– Заеднички се сеќаваме, заедно жалиме и заедно учиме да продолжиме со животот, порачуваат нашите гости од Гетеборг. Тоа значи активно учество на сите нас во градењето безбедносни простори за секого, простори на вклученост, на почитување и толеранција на различноста и посебноста, простори на слободата – рече во обраќањето пред присутните Лина Ќостарова-Унковска, од Центарот за психосоцијална и кризна акција „Малинска“.

Пред присутните говореше и Ларс Лилед, кој по пожарот во Гетеборг од менаџер за развој се пренасочил во специјалист за катастрофи, а неговата работа на тој план е опишана во книгата „Како редење сложувалки“, која во рамките на оваа програма за поддршка на настраданите од пожарот во Кочани е преведена на македонски јазик.





**Меѓународен шаховски турнир во чест на жртвите и повредените во пожарот во Кочани**

Под покровителство на Општина Кочани, а во организација на Градскиот шаховски клуб „Кочани“ и на Шаховската федерација на Македонија, на 14 јуни, во хотелот „Амор“ во Кочани се одржа првиот Меѓународен турнир во шах во спомен на жртвите од пожарот во „Пулс“ и за хуманитарна помош во третманот на повредените во трагедијата.

Шаховскиот турнир го отвори в. д. градоначалникот на Кочани Венко Крстевски нагласувајќи дека главна цел е шахот да биде што подостапен за младите, за што Општина Кочани обезбедува соодветна поддршка, а од септември Градскиот шаховски клуб „Кочани“ ќе врши

| | |
|---|---|
|  | уписи на млади шахисти.<br><br>115 шахисти од сите клубови во Македонија, како и од Србија и Бугарија играат забрзан шах во 9 кола по швајцарски систем, согласно ФИДЕ-правилата. Шахистите од Црна Гора и Косово не допатуваа, но нивните шаховски федерации испратија финансиска помош за солидарност.<br><br>Наградниот фонд за турнирот го обезбеди Општина Кочани, а сите приходи ќе бидат донирани во фондот за загинатите и повредените во пожарот на 16 март во Кочани. |
| <br><br> | **Завршна презентација за проектот „Намалување на загубите на вода во системот за водоснабдување и искористување на сончевата енергија во комуналните јавни претпријатија во општина Кочани“**<br><br>На 17 јуни, на Пречистителната станица за отпадни води во село Мојанци се одржа свеченост по повод завршувањето на проектот „Намалување на загубите на вода во системот за водоснабдување и искористување на сончевата енергија во комуналните јавни претпријатија во општина Кочани“.<br><br>За целите и значењето на проектот и на соработката говореа словенечкиот амбасадор Грегор Прескер, директорот на Директоратот за развојна соработка и хуманитарна помош во Министерството за надворешни и европски работи во Словенија Едвин Скрт и в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски.<br><br>Со овој проект, на Пречистителната станица за отпадни води во Мојанци се поставени фотоволтаични централи со моќност од 440 киловати и од 120 киловати. Инсталацијата е реализирана со грант од Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија во износ од 223.936 евра, а ист износ на средства беше издвоен и од Буџетот на Општина Кочани.<br><br>Со проектот е набавена опрема за детектирање на загубите на вода, реализирана обука на вработените за користење на опремата и се поставени водомери кај социјално-ранливи категории граѓани.<br><br>Целта на проектот е со набавка и инсталирање на современа опрема, да се спречат загубите во водоснабдителниот систем, а со производство на струја од фотоволтаичните централи да се намалат сметките за вода на граѓаните на Кочани. |



**В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски побара од Училишниот одбор разрешување на директорот на „Никола Карев“**

Со писмено барање, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски побара од Училишниот одбор да спроведе постапка за разрешување на директорот на „Никола Карев“.

Барањето се заснова на несовесно работење во службата и направени повреди на закони и на други акти утврдени со внатрешна ревизија.

Со цел да се прекинат натамошните штети во училиштето, Крстевски бара од Училишниот одбор да донесе решение за разрешување на директорот и да назначи нов директор.

Во прилог на барањето до Училишниот одбор е известување од „Водовод“ од коешто се гледа дека неколкумина директори на кочанското комунално претпријатие безуспешно му имаат понудено на директорот на „Никола Карев“ исплата на рати на долгот кон КЈП.

Во зависност од решението на Училишниот одбор на „Никола Карев“, Општина Кочани ќе преземе соодветни мерки.







**В. д. градоначалникот Венко Крстевски поднесе кривична пријава против угостители кои ја загрозуваат безбедноста на граѓаните**

На прес-конференција што ја одржа пред Основното јавно обвинителство во Кочани, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски соопшти дека поднесува кривична пријава за узурпација на јавна површина и бесправна градба против угостители коишто ја загрозуваат безбедноста на граѓаните.

– Три месеци по трагедијата во клубот „Пулс“ сè уште има угостителски објекти во Кочани кои работат спротивно на законските прописи и стандарди загрозувајќи ја безбедноста на граѓаните, а нивните сопственици не преземаат мерки тоа да се промени и спречи, поради што поднесувам кривична пријава – истакна в.д. градоначалникот на Кочани Венко Крстевски.

– Со жалење можам да констатирам дека на угостителите кои работат нерегуларно и незаконски поважен им е личниот профит, отколку безбедноста и здравјето на граѓаните. Загрозени се жителите во тие згради, но и посетителите на нивните објекти. И тоа нема да го толерирам затоа што ова е најтешкиот период во поновата

| | |
|---|---|
| | историја на Кочани. Не смееме да замижиме по огромната несреќа и да дозволиме институциите сѐ уште да не функционираат. Поради тоа поднесувам кривична пријава против угостители и се надевам на брза и ефикасна реакција од страна на Обвинителството за да не ни се случи „Пулс 2“ – нагласи в. д. градоначалникот.<br><br>Крстевски соопшти дека е даден налог до општинската инспекторка за животна средина да ги провери сите елаборати на угостителските објекти.<br><br>– Ги прашувам надлежните институции како што е Државниот пазарен инспекторат, дали се прават контроли и зошто се толерира работењето во дивоградби; како Агенцијата за храна и ветеринарство издала ХАСАП-дозвола за објекти што подготвуваат храна ако кујните им се дивоградби и имаат броила за струја што се во непосредна близина на фритезите? Како е можно во тие објекти да има легален приклучок на електричната мрежа и да се прават елаборати што не се соодветни со реалната состојба, слично како во „Пулс“ – праша Крстевски.<br><br>В. д. градоначалникот информираше дека во прилог на кривичната пријава се документи како пример од судската практика за слична постапка со која се отстранети објекти во други општини. |
| <br> | **Асфалтирана улицата „Генерал Апостолски“**<br><br>Заврши асфалтирањето на улицата „Генерал Апостолски“, сообраќајница којашто ги поврзува катастарските општини Кочани и Оризари.<br><br>Асфалтиран е крак од улицата долг 223 м, со ширина од 6,5 м, со велосипедска патека широка 1,5 м.<br><br>Градежните работи ги изведе „Коле-транс инженеринг“ од Штип.<br><br>За изградба на оваа улица Општина Кочани намени 5.760.618 денари од сопствениот буџет.<br><br>Според најавите на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, за доуредување на улицата „Генерал Апостолски“, којашто е пробиена пред повеќе од 30 години, наредниот период ќе биде нарачана изработка на проектна документација за изградба на мост. |





**Швеѓаните заминаа од Кочани со пораки за човечност и заедништво на патот на заздравувањето**

Шведската делегација којашто престојуваше во Кочани со цел да придонесе за зајакнување на заедницата и градење модели на отпорност, солидарност и психосоцијално заздравување по трагичниот настан во Кочани, го заврши својот тридневен престој во Кочани.

Седумчлениот тим од Шведска, составен од преживеаните во пожарот во 1998 година во дискотека во Гетеборг – Нима Параш Лама и Розбех Асланијан, пожарникарите Пер-Андерс и Бенгт Холм, социјалните работнички Елеонор Артфорс и Хели Кунас и координаторот на Центарот за поддршка Ларс Лилед реализираа средби со родители на загинатите деца во „Пулс“, повредени младинци, професионалци и граѓани што се соочуваат со последиците од кочанската трагедија.

Во своето обраќање пред гостите од Шведска, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски изрази огромна благодарност за поддршката.

– Драгоцено е да дојде некој од толку далеку за да помогне. Ова е најубавиот настан за мене во последниве три месеци во Кочани. Во вас видовме помош и надеж, бидејќи сè уште сме дезориентирани по трагедијата. Почувствував искрена енергија од вас, тоа ќе ме мотивира во наредниот период за да можеме работите да ги смениме коренито и да се справиме со аномалиите во системот – рече Крстевски.

– Овие три дена од гостите од Гетеборг видовме отвореност, прецизност, топлина, разбирање, стабилност. Желба да се воспостави мир, безбедност, чувство на комфор во една заедница што е разнишана. Тие упатија на вредности што мора да ги почитуваме: поврзаност, интегритет на постапките, да настапуваме со респект кон другиот и со уважување на сите околности во кои тој мора да живее – истакна на завршниот настан Лина Ќостарова-Унковска од Центарот за психосоцијална и кризна акција „Малинска“.

Програмата за поддршка на настраданите во пожарот во „Пулс“ беше иницирана и поддржана од Амбасадата на Кралството Шведска и „Europe House“, а ја спроведоа Центарот за психосоцијална и кризна акција „Малинска“ со поддршка од Општина Кочани и „Сапорт“ – Кочани.





**Делегацијата на ЕУ во РС Македонија во официјална посета на Општина Кочани**

На 25 јуни 2025 година, делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија предводена од амбасадорот на Европската Унија Михалис Рокас ја посети Општина Кочани и се сретна со в. д. градоначалникот Венко Крстевски.

На средбата се споделија информации за моменталната ситуација во Општината, како и предизвиците со кои се соочуваме. Од страна на в. д. градоначалникот и општинската администрација беа презентирани можностите и потенцијалите за развој на градот, со акцент на младите кои ќе бидат едни од главните приоритети на Општината во следниот период. Во рамките на средбата беше презентирана состојбата на Спомен-домот „АСНОМ“, како еден од капиталните објекти на градот, којшто во иднина треба да се реновира и да биде ставен во функција на младинските организации.

Се разговараше и за досегашната поддршка од страна на ЕУ која се однесува на изминати и тековни проекти поддржани од страна на ЕУ, но и за понатамошната заедничка соработка, поддршка во повеќе сегменти и проекти кои Општината допрва ќе ги има во иднина и ќе бидат од големо значење за развој на градот.





**Потпишан Меморандум за соработка преку кој граѓаните на Кочани ќе добиваат субвенции за енеретски ефикасни фасади**

На 27 јуни, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски и Здружението за хумано домување Хабитат Македонија потпишаа меморандум за соработка во рамки на проектот OSS HABITAT, којшто е насочен кон придобивки на граѓаните преку интегриран систем од услуги што ќе придонесат за заштедување средства и подобрување на енергетската ефикасност во домовите на граѓаните коишто живеат во станбени единици и објекти за индивидуално домување.

Услугите преку проектот се во интерес на домаќинствата кои живеат во индивидуални куќи и станбени згради, со цел да ги подобрат условите на домот, да ја зголемат енергетската ефиканост и да имаат целосен пристап до сите информации за едноставно енергетско ефикасно реновирање на домот.

| | |
|---|---|
| | Проектот со времетраење од 36 месеци е поддржан од Европската Унија, а учество со финансирање ќе има и Општина Кочани.<br><br>Очекувани резултати од проектот во период од три години се реновирани 200 станбени единици и објекти за индивидуално домување и генерирани инвестиции во вредност од 3 милиони евра. |
| <br> | **В. д. градоначалникот Венко Крстевски оствари средба со Владимир Грчев**<br><br>В. д. градоначалникот Венко Крстевски оствари средба со Владимир Грчев, талентираниот млад кочанчанец којшто има многубројни награди од редот на натпреварите по информатика и математика и како дел од Националниот тим по математика на ЈБМО, овојпат го освои сребрениот медал. Грчев годинава по четврти пат е дел од тимовите по информатика за меѓународните олимпијади.<br><br>Во изминатиот период и во текот на основното образование Владимир има освоено повеќе признанија и медали како што се: два златни медали од Македонската (Јуниорска) олимпијада по информатика и од Македонската олимпијада по математика, еден сребрен медал на Македонската (Јуниорска) олимпијада по информатика, два бронзени медали на Македонската (Јуниорска) олимпијада по информатика и два бронзени медали на Европската и на Балканската олимпијада по информатика. Има олимписки пофалници од Балканската олимпијада по информатика за средношколци, Европската и Јуниорско балканска, а уште како четвртоодделенец се натпреварувал и три пати досега е државен првак по информатика.<br><br>В.д. градоначалникот Крстевски на младиот талентиран Владимир му посака уште многу успеси и извонредни резултати, истакнувајќи дека неговите достигнувања се гордост за општината и државата. Во знак на признание за неговиот успех, в.д. градоначалникот му подари симболичен подарок и нагласи дека Владимир со своите достигнувања претставува вистински амбасадор на нашиот град, посакувајќи му и во иднина успешно да ја претставува општината и државата на највисоко ниво, на бројни меѓународни олимпијади. |

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**